# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**18.10.2024 год.** **Бр.XIV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 17.10.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 17.10.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-942/1 од 18.10.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18; 101/19; 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времно користење на недвижна ствар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, просторија-дел од зграда на ул.”Илинденска” бб Крушево на КП бр. 5806 , приземје, сопственост на Општина Крушево, на Собранието на Република Северна Македонија за канцеларија за контакти на пратеникот со граѓаните.

**Член 2**

Просторијата се дава на времено користење за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користи просторијата, од член 1 на оваа Одлука Собранието на Република Северна Македонија е должно да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи: потрошена електрична енергија, вода, телефон и.т.н.

**Член 4**

Примопредавањето на просторијата ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и претставници од Собранието на Република Северна Македонија.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое е дадена на користење, просторијата треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-919/4 од 17.10.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ‘‘ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ( ,,Сл.весник на РМ‘‘ бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16 и 21/18 и „Сл. Весник на РСМ‘‘ бр.101/19; 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ( ,, Сл. Гласник на Општина Крушево‘‘ бр. 1/2007; 16/2014; 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење и управување на комунални инфраструктурни објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се дадат на трајно користење и управување како основно средство, комунални инфраструктурни објекти сопственост на Општина Крушево на ЈП „Комуна‘‘ Крушево.

**Член 2**

На ЈП „ Комуна ‘‘ Крушево му се даваат на трајно користење и управување како основно средство следениве инфраструктурни објекти сопственост на Општина Крушево, со следната сметководствена вредност:

- Зафаќање на води во индустриска зона Опаленик – јуни 2019 – водовод со набавна вредност 6.932.713,27 денари; исправка на вредноста 277.308,53 денари, а сегашна вредност 6.655.404,74 денари;
- Водовод с. Јакреново – 12/2020 со набавна вредност 1.655.113,67 денари; исправка на вредноста 49.653,41 денари, а сегашна вредност 1.605.460,26 денари;
- Резервоар с. Борино 07/2021 со набавна вредност 4.059.620,25 денари; исправка на вредноста 304.471,52 денари, а сегашна вредност 3.755.148,73 денари;
- Фекална канализација с. Норово 1 фаза 07/2021 со набавна вредност 13.128.789,07 денари; исправка на вредноста 984.659,18 денари, а сегашна вредност 12.144.129,89 денари;
- Водоводна линија с. Саждево 07/2021 со набавна вредност 3.523.525,12 денари; исправка на вредноста 264.264,38 денари, а сегашна вредност 3.259.260,74 денари;
- Резервоар с. Белушино 07/2021 со набавна вредност 3.972.934,99 денари; исправка на вредноста 297.970,12 денари, а сегашна вредност 3.674.964,87 денари;
- Резервоар 100 $^{м-3}$ с. Пресил 10/2022 со набавна вредност 2.293.474,00 денари; исправка на вредноста 68.804,22 денари, а сегашна вредност 2.224.669,78 денари;
- Водоводна мрежа 4-та фаза с. Јакреново 08/2023 со набавна вредност 4.014.400,47 денари; исправка на вредноста 40.144,00 денари, а сегашна вредност 3.974.256,46 денари.

**Член 3**

Општина Крушево на ЈП ,,Комуна‘‘ Крушево ќе му ја достави соодветната документација за инфраструктурните објекти од член 2 на оваа Одлука.

Примопредавањето ќе се изврши помеѓу претставници на Општина Крушево и ЈП ,,Комуна‘‘ Крушево за што ќе се состави Записник.

**Член 4**

ЈП ,,Комуна ‘‘ Крушево е должна инфраструктурните објекти од член 2 на оваа Одлука сметководствено да ги евидентира и да ги прикажи како основно средство за вршење на својата дејност.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-919/5 од 17.10.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.10.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 1.475.000,00 (еден милион четиристотини седумдесет и пет) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат на следниот начин:

-421110-електрична енергија.................... 50.000,000 денари;
-421220-дрва................................................ 400.000,00 денари;
-421240-течни горива .................................. 200.000,00 денари;
-421390-други трошоци за комуникација ........ 50.000,00 денари;
-423990-други материјали .............................. 20.000,00 денари;
-425760-превозни услуги во образованито........ 735.000,00 денари;
-426410-ибјавување на огласи ......................... 20.000,00 денари;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-919/6 од 17.10.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.10.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин-Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин- Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 25.000,00 (дваесет и пет) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат на следниот начин:

-421110-електрична енергија....25.000,000 денари;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-919/7 од 17.10.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), точка 7, 8, 9 и 10 од Програмата за поставување на урбана опрема на подрачето на Општина Крушево за 2024 година со бр.08-64/7 од 18.01.2024 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.10.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на микролокациски услови за уредување на спортско рекреативен центар „ГУМЕЊЕ“**

**Член 1**

Се одобрува уредување на спортско рекреативен центар „ГУМЕЊЕ“.

**Член 2**

Местоположбата на уредувањето на спортско рекреативен центар „ГУМЕЊЕ“ е на КП бр. 4023/1, 4023/2, 4023/3, КО Крушево. На оваа локација се предвидува уредување со опремување на постојното игралиште за ракомет и мал фудбал на КП 4023/3, уредување со опремување на детски забавен парк, игралиште на песок, памп трак, хортикултурно и партерно уредување на КП 4023/1, 4023/2, 4023/3, оградување на делови и потпорни ѕидови поради променлива висина на теренот. Уредувањето ги вклучува сите потребни фази.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-919/8 од 17.10.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 52-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1
2. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година-втор ребаланс ........... 1
3.Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар .................................................. 1
4. Одлука за давање на трајно користење и управување на комунални инфраструктурни објекти ............................................................... 2
5. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ „Никола Карев“ Крушево ........................ 3
6. Одлука за дополнување на блок дотацијата на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин-Крушево ........................................................................... 3
7. Одлука за одобрување на микролокациски услови за уреддување на спортско рекреативен центар „Гумење“ ............................................ 4

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.